**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно член 485 од Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото) и Предлогот на Одборот на директори за утврдување на задолжителна општа резерва на Друштвото (Арх.бр. 77246/1 од 06.03.2013 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 29.03.2013 година ја донесе следната:

# Предлог Одлука

## за утврдување на задолжителна општа резерва на Друштвото

### Член 1

Собранието на Друштвото утврдува дека општата резерва на Друштвото како општ резервен фонд кој е формиран по пат на зафаќање на нето добивката од изминатите години е пресметана и издвоена како законски задолжителен износ утврден во член 485 од Законот за трговски друштва.

### Член 2

Износот од 958.388.773,00 денари кој ја надминува законски задолжителната општа резерва на Друштвото заради намалување на законски задолжителниот минимален износ согласно измените на член 485 од Законот за трговски друштва, со примена од 1 јануари 2013 година, се распределува во акумулираната добивка на Друштвото.

### Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**